ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
„КОМУНАЛЕЦ" п.о.
Бр. 02 - 248/1
01. 03 2024 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ
КРИВА ПАЛАНКА

ЈП. „КОМУНАЛЕЦ„ КРИВА ПАЛАНКА
Адреса :криваПаланка , "Илинденска " бр. 17
Телефонифакс: 031 * 375-100 Директор ; 375-747 Комерција
Жиросметка2100402270350130 Тутунскабанка Скопје 320 - 1000050418 - 67
ЦентралнаКооперативна Банка -Скопје
*Жиросметка :240-3500013189 - 69 УНИ- Банка*
Е.Д.Б. МК4015989100876

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

# НА ЈП КОМУНАЛЕЦ-КРИВА ПАЛАНКА

# ЗА 2024 ГОДИНА

## ВОВЕД

ЈП Комуналец - Крива Паланка како јавно претпријатие со седиште во Крива Паланка на ул„ Илинденска" бр.17 е основано во 1963 година од страна на Совет на Општина Крива Паланка.Претпријатието врши одредени комунални услуги,дејности кои се од јавен интерес и претставуваат незаменливуслоззаживототиработатанаграѓанитеиправнитесубјектинатериторијатанаОпштина КриваПаланкаи одредени приградски населби.

ЈП Комуналец-Крива Паланка како јавно претпријатие во својот делокруг ги извршува следните дејностизапишани во Централниот регистар на РСМ и усогласени со Националната класификација на дејности:

- Снабдување со вода за пиење (зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до корисникот на услугата),
- Одведување и пречистување на урбани отпадни води,
- Собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад,
- Одржување на јавна чистота ( чистење, миење и метење на јавни површини, јавни и отворени простори за јавни објекти и чистење на снегот во зимски услови),
- Одржување на паркови и рекреативни површини и работи на спортски објекти
- (изградба, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење и сечење на трева и гранки),
- поставување и одржување на јавно осветлување,
- одржување на гробишта,
- отворени и затворени пазари на големо и мало и др.

Активностите за горенаведените дејности се извршуваат според секојдневни оперативни планови и секојдневни настани.

При изготвувањето на Програмата за работа за 2024 година е појдено пред се од интересите на граѓаните како и од интересите и целите на Претпријатието за постигнување на подобри резултати во работењето, целосно искористување на постојните капацитети, подигањена нивото на услугите, максимална ангажираност на вработените и смалување на трошоците во работењето.

За планираниот обем на работните задачи, квалитетот на извршувањето на работите и постигнувањето на добри финансиски резултати, како појдовни

елементи при изработка на Програмата земени се условите за стопанисување во економската сфера во државата и потребите за развој на Претпријатието.

Согласно потребите дејноста на Претпријатието е организирана во пет сектори и одделенија во рамките на секој сектор.

Секторот за Општи и правни работи како и во претходните години ќе има за цел следење, правилна примена и толкување на сите законски прописи и примена на постоечките законските прописи и подзаконски акти, а се со цел правилно работење на ЈП Комуналец-Крива Паланка.

Согласно дејноста и внатрешната организација на претпријатието и програмата за работа преку Секторот за општи и правни работи ЈП „Комуналец"-Крива Паланка во 2024 година ќе врши следење на работните ангажмани на вработените и ќе организира обуки со цел подобрување на услугите на граѓаните.

Преку Секторот за општи и правни работи ќе се врши наплата на доспеани парични побарувања од физички и правни лица кои и покрај повеќекратни опомени одбиваат да го платат долгот со давање на можност долгот да биде платен на повеќе рати со склучување на договор. Во спротивно како крајна мерка ќе се поднесуваат тужби и предлози за извршување пред надлежните органи и институции се со цел наплата на побарувањата и овозможување на нормално работење на претпријатието.

Преку Системот за управување со човечки ресурси, се овозможува електронски увид на сите вработени од Министерството за информатичко општество и администрација со целосен и јасен преглед за секој вработен. Со цел стручно усовршување на административните службеници предвидени се генерички редовни обуки според Годишниот план за обуки утврден од страна на МИОА. Бројот на вработени во ЈП Комуналец-Крива Паланка изнесува 87 лица.

Во зависност од потребите на претпријатието се склучуваат и договори на дело за извршување на повремени и привремени работи со одреден број на физички лица, а чиј број варира во даден период.

Врз основа на утврдените извори на финансирање во законски предвидениот рок согласно Законот за јавни набавки, е донесен планот за јавни набавки на ЈП Комуналец-Крива Паланка за 2024 година во чии рамки се дефинирани предметите на договорите за јавна набавка, нивната проценета вредност и динамика на реализирање и според кој ќе се врши навремено организарање и спроведување на јавните набавки.

Планираните активности кои не беа завршени во 2023 година се предвидуваат да бидат завршени оваа 2024 година а со цел постигнување на подобри резултати во работењето, целосно искористување на постојаните

капацитети, подигање на нивото на услугите, максимална ангажираност на вработените и смалување на трошоците во работењето.

J.П.Комуналец - Крива Паланка очекува во 2024 год. да оствари вкупен приход од 81,236,000 денари.

За да може да го оствари горенаведениот приход Ј.П. Комуналец-Крива Паланка аналогно на тоа предвидува да направи одредени расходи во вкупен износ од 81,180,000,00 денари и тоа:

| | ПРИХОДИ | ИЗНОС |
|---|---|---|
| | | |
| 1 | Приходиодвода | 20,200,000 |
| 2 | Приходиодсмет | 33,800,000 |
| 3 | Приходиодканализација и приклучоциодканализација | 2,956,000 |
| 4 | Приходиодпазар | 750,000 |
| 5 | Приходиодгробишта | 3,500,000 |
| 6 | Приходиododржувањенајавниповршини | 4,000,000 |
| 7 | Приходиододелување и новиприклучоци и водоинст. услуги | 730,000 |
| 8 | Приходиодзимскоодржување | 3,000,000 |
| 9 | Другинеспомнатиприходи | 8,300,000 |
| 10 | Одржување и уредувањенајавнизелениповршини | 4,000,000 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **81,236,000** |

| | РАСХОДИ | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | Потрошенматеријал и резервниделови | 8,300,000 |
| 2 | Потрошенаелектричнаенергија | 2,400,000 |
| 3 | Потрошеногориво | 4,300,000 |
| 4 | Пресметанаамортизација | 7,000,000 |
| 5 | Бруто плати | 44,000,000 |
| 6 | Репрезентација | 200,000 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Нематеријалнитрошоци | 4,000,000 |
| 8 | Занаетскиуслуги и одржување | 700,000 |
| 9 | Непредвиденирасходи | 600,000 |
| 10 | Обука и набавкинаопремазасправувањесокризи и елементарнинепогоди | 60,000 |
| 11 | Временоангажирањенаработницитподоговорнадело | 4,500,000 |
| 12 | Временоангажирањенаработниципрекуагенција | 3,000,000 |
| 13 | Трошоцизавработени (регрес, отпремниназазаминувањевопензија и др. | 1,600,000 |
| 14 | ТрошоцизачленовинаУправен и Надзоренодбор | 520,000 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **81,180,000** |

| | |
|---|---|
| **РАЗЛИКА МЕЃУ ПРИХОДИ И РАСХОДИ** | **56,000** |

И во 2024 година вработените ќе посетуваат семинари, а на повисоко ниво и студиски патувања во странство организирани преку Здружението на комунални претпријатија на РС Македонија -АДКОМ, каде се презентираат најновите технологии од комуналните дејности во другите држави.

Во 2024 година планираме процентот на реализација по програмата за одржување на Јавни површини и програмата за одржување и уредување на Јавни зелени површини склучена со Општината да го исполниме во целост.

Исто така и во 2024 година ќе го продолжиме учеството на тендери за добивање на градежни работи врз основа на објавени огласи, бидејќи Ј.П. Комуналец–Кр.Паланка поседува соодветна лиценца за градба од Б категорија со која може да учествува на истите.

Во 2024 година ЈП Комуналец Крива Паланка планира да изврши наплата од физички и правни лица за извршените услуги од нејзина страна, употребувајќи ги сите механизми за наплата. Средствата што ке бидат наплатени дел од истите ќе се искористат за исплати на обврски спрема добавувачите во износ од 25.000.000,00 денари а исто така планира да ги исплати платите спрема вработените и другите тековни обврски поврзани со вработените и друго.

Исто така во 2024 година врз основа на договор од 2022 за земени возила и опрема на лизинг ке ги сервисира ратите секој месец како и обврските по основ на земен кредит од претходниот период кој се плака два пати годишно.

Врз основа на горенаведените мерки ќе дојде до зголемен процент на наплата на побарувањата,а пак тоа директно ќе се одрази врз поредовна исплата на нашите обврски, како и до поголем прилив на средства што ќе овозможи Ј.П. Комуналец–Кр.Паланка да набави нови основни средства и редовно да ги сервисира постоечките, а сето тоа ќе придонесе до давање на поквалитетни услуги на граѓаните.

Врз основа на планот за јавни набавки планираме да обезбедиме финансиски средства за набавка на потребните материјали за сите сектори, за резервни делови на возилата, гуми за истите и слично.

Во 2024 година планираме да набавиме половно теренско возило 4x4 и половен булдужер како и нови пумпи за вода и опрема за хлорирање во вкупна вредност од 2,040.000,00 денари како и алат за работа во вреднсот од 300,000.00 денари.

Како во изминатиот период така и во 2024 година вработените во Секторот за водовод,канализација и филтер станица ќе се грижат за редовно обезбедување на граѓаните со чиста и квалитетна вода за пиење,одржување на водоводните и канализационите системи како и санирање на дефекти во најкраток можен рок.

Имајќи го во предвид секојдневното зголемување на потребите за користење на пивка вода од една страна,а од друга страна секојдневното намалување на издашноста на чиста вода за консумирање од страна на човекот се соочуваме со недостиг на вода посебно во летниот период кога е зголемена потрошувачката на вода.Поради тоа и понатаму ќе се залагаме за одржување во функционална состојба на постоечките извори за обезбедување на вода како и намалување на загубите на вода во водоводната мрежа.

И оваа година ќе се продолжи со активностите за водоснабдувањеод месец мај па се до месец октомвриво Калин Камен.Активностите ќе се состојат од санирање на захвати,собирни шахти,заштитна ограда како и контрола на доводниот цевковод,се со цел на зачувување на зафатените количини на изворска вода и намалување на потребите од обезбедување на дополнителни количини на вода од бунарскиот систем.

Ако Општина Крива Паланка обезбеди средства за изградба на примарен водоводен систем за водоснабдување на дел од локалитет Калин Камен, ЈП „Комуналец“ ќе ги превземе сите потребни активности за комплетна реализација на овој проект кои се во нашиот делокруг.

Оваа година ЈП„Комуналец“ ќе земе учество во „Проект за намалување на загуби на вода со инсталација на мониторинг систем и мерни инструменти за далечинско отчитување“,што започна на крајот од минатата година.Стручни лица од нашиот сектор ќе ја вршат монтажата на мерните инструменти и фасонските делови.Целта на овој проект е да се поставaт мерачи на проток и притисок на веќе определени локации.Ова комбинирано со поставените водомери за далечинско отчитување, ќе доведе до целосна слика односно целосен мониторинг на потрошувачката и консумпцијата на вода во системот и ќе се добијат насоки за тоа кои делови од мрежата треба да се реконструираат во иднина, во кој дел треба да се изврши регулација на притисок, мониторинг на дефекти итн.

Во 2024 година освенсанирање на захвати и собирни шахти во Калин Камен се планира да се работи и назахвати и собирни шахти на водовод „Скрљава – Белево“. Во зависност од финансиските можности,ќе се врши и замена на дел од водоводната мрежа и тоа на делови каде имаме најчесто дефекти.

За комплетна реализација на проектот „Замена на азбест-цементни цевки во Крива Паланка“, ЈП „Комуналец“ и оваа година ќе продолжи со поврзување на постојните водоводни приклучоци од старата на нова линија и тоа на ул.Херој Карпош,ул.Моша Пијаде,ул.Партизанска и други каде што имаме поставено нова линија.Темпото на поврзување зависи од корисниците на оваа мрежа, кога ќе бидат подготвени ЈП „Комуналец“ ги префрла на новата мрежа.

Во 2024 година Сектор за водовод,канализација и филтер станица ќе продолжи со замена на дел од водоводната мрежа каде сеуште има метални цевки со полиетиленско црево.За да може ова да се иреализира потребна е соработка со Општина Крива Паланка.

Ако има потреба ќе се намести нова пумпа во бунарот од водоводниот систем кај „Пролетер“ во село Конопница кој е предаден на ЈП „Комуналец“.Ќе се направи и санација на резервоарот и комплетната инсталацијатаод овој систем, а потоа се планира да се поврзе овој водоводен систем со веќе постоечкиот вос.Конопница за „Трнци“ .Ова е со цел за подобро снабдување со вода за пиење при зголемена потрошувачка во летниот период кога има потреба од поголема количина на вода за задоволување на потребите на корисниците.Претходната година ова не е направено,бидејќи постојниот водоводен систем имаше доволно количество на вода за задоволување на потребите на корисниците.

Повеќе години се планира комплетно превземање на сите резервоари (што се снабдуваат со вода за пиење од изворите во долината на Селска Река) како би можеле правилно да менаџираме со расположивата количина на вода

во секој од резервоарите.За да може да го изреализираме ова потребна е соработка со Општина и месната заедница од село Конопница,бидејќи таму се превземени два резервоара и тоа за маалите:Деловодци,Чивлк,Дом,Стамболијци и Карпина маала,а од три резервоара не се предадени клучевите од страна на месната заедница.

Ако Општина Крива Паланка обезбеди средства за изградба и реконструкција на водоводот „Вирови", ЈП „Комуналец" по реконструкцијата ќе пристапи кон отстранување на дивите приклучоци на самата водоводна мрежа,а потоа ќе направи поврзување на постојните корисницина реконструираната мрежа.Со реализација на овој проект се очекува знатно да се подобри водоснабдувањето на дел од село Конопница во однос на квантитет и квалитет,бидејќе ќе се намали и бројот на дефекти во мрежата.

Во село Луке ќе се продолжи со приклучување на сите корисниците кои ќе поднесат барање за користење на вода за пиење од овој водовод, а за истите постојат хидротехнички услови. Ако имаме финансиски средства,се планира да се оградатрезервоарот и захватот, бидејќи се предадени без да биде направена ограда на истите.

Во 2024 година вработените во ЈП „Комуналец" – Крива Паланка редовно ќе ја одржуваат во исправна состојба канализационата мрежа,составена од лев и десен колектор,како и примарна и секундарна мрежа.Отстранувањето на дефекти,како и досега, ќе се врши во најбрз можен рок.

Во тек на 2024 година континуирано ќе се продолжи со изработка на нови приклучоци на веќе изградените канализациони мрежи во Бојанов Дол ,улица „8ми Октомври",село Мождивњак , село Длабочица, Мезовски ливади, Крстата падина, Бурови бавчи и во село Конопница,како и на новоизградени канализациони мрежи кои ќе бидат предадени на стопанисување и одржување на ЈП „Комуналец" – Крива Паланка.Приклучувањето ќе се врши по претходно доставено барање од страна на корисниците тие за кои има технички услови за приклучување. Се планира во соработка со Општина Крива Паланка санација на собирен крак од ул.Калин Камен и изградба на две шахти на истиот и негово спојување со изградената канализациона мрежа на улица „8-ми Октомври ".Исто така треба да се доизгради и дел од канализациона мрежа за објекти на истата улица(кај Гимназија).

Во село Конопница треба да се направи дел од канализациона мрежа за објекти во маалаДеловодци,Трнции др. и истиот да се приклучи на веќе постоечка канализација.

Изграден е нов дел од главен лев колектор во градското подрачје и ќе се направат поврзувањеа со веќе постојните приклучоци откако ќе биде пуштен во употреба.

Ќе се изврши дератизација на канализационата мрежа во Крива Паланка,село Конопница и село Мождивњак и тоа двапати во годината согласно Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2024 година.

Исто така и во 2024 година ЈП „Комуналец" – Крива Паланка ќе продолжи со одржување на системот за јавно осветлување во Општина Крива Паланка.

Во секторот Комунална хигена,пазар и гробишта на ЈП Комуналец Кр.Паланка во делот на собирање ,транспортирање и депонирање на комуналниот смет со програмата за работа на ЈП Комуналец за 2024 г.се предвидува истата да ја извршува со своите специјални комунални возила 5(пет) за смет по утврден неделен распоред за собирање на смет во градот Кр.Паланка и според Комуналниот ред на Општина Кр.Паланка на делови од селата каде што има пристапен пат до корисниците како во селата с.Конопница,с.Мождивњак, с.Жидилово, с.Узем ,с.Длабочица ,с.Дурачка река,с.Варовиште,с.Крклъа,с.Узем, с.Киселица и с.Градец исто така за време на викендите има дежурно возило со кое се собира комуналниот смет и се транспортира во депонијата во с.Конопница од главната улица св.Ј.Осоговски и обиколница на Кр.Паланка.Согласно програмата за управување со отпад на Општината Кр.Паланка и Елаборат за поставување на урбана опрема од страна на Секторот за комунална инфраструктура при Општината на утврдени ,, собирни места ,, врз основа на шематски приказ треба да се постават садови за селектиран отпад , кои на табеларен приказ ке се преставени бројот на садови за селектиран отпад и видот на садот за селектиран отпад со видно обележен сад за кој тип на селектиран отпад е наменет и истата локација треба да се обележи со бела лента и поставен знак ,,Х,,на асфалтнатаповршиназаданеможе да не сепаркираатвозиладосамитесадовизаселектиранотпад ,со што ќе се овозможи пристап до самато собирно место за да може непречено да се собира селектираниот отпад од поставените садови.

Целовкупниот мешан комунален отпад соберен од домаќинствата и правните лица ќе се депонира во комуналната депонија во с.Конопница .Депонирањето на сметот се врши трајно со затрупување во слоеви со земја .За затрупување на комуналниот смет и косините од депонираниот смет во градската депонија за да се спречат непожелни пожари од самоозапалување потребно е годишно 2300.00м3 земјан материјал .

На корисниците на услугата за собирање и депонирање на комунален отпад,ЈП Комуналец- Кр.Паланка дава можност на оние кои сакат да се снабдат со садови за отпад-пластични канти од 120 литри,можат да купат од ЈП .Комуналец и да ги отплатат на 12 месечни рати.

Во делот на јавна чистота ЈПКомуналец –Кр.Паланка согласно програмата за јавна чистота на Општина Кр.Паланка ке ги извршува предвидените активности.Метењето на јавни површини ќе се извршува мануелно со метли од страна на метачите на јавни површини ,со електрични правосмукалки потоа со самоходна метларка ,,Брако ,, на главната улица св.Ј.Осоговски од ,,Облаче до мотел Македонија и градските плоштади .Секундарните улици и во приградски населби Маневци ,Скрљава,Баглак, Цонев рид,Белево патот од Борчева кафана до кооперација во с.Конопница и кракот кон цркута,патот од мотелот до манасир св.Јоаким Осоговски и стариот пат до манастир метњењто ќе се извршува со трактор со приклучна метларка.Остранувањето на смет од диви депонии и разновидниот смет како градинарски отпад,кабаст отпад и градежен шут покрај контејнерите кои секој дневно со ствараат граѓаните во Кр.Паланка ЈП.Комуналец ќе го извршува со своите расположиви работници ,градешна механизација ,трактори и товарни возила и истиот ќе биде соберен и депониран во градската депонија во с.Конопница.Миењето на главна улица ќе се извршува со помош на хидранска мрежа додека миењето останатите улици во градот со помош на возило цистерна.Согласно програмата за јавна чистота ќе се извршуваат сите предвидени активности како,зимско одржување на приоритетни отворени површини, чистење на наноси на јавни површини,чистење на решетки на атмосферка канализација,чистење и одржување на речни регулациони корита,одржување на јавни санитарни јазли ,поставување и одржување на садови за отпад на јавни површини,чистење на јавни површини по културни манифестации,празнење на постоечки садови за отпад на канделабри и генерално чистење на градски плоштад и парк.

На отворениот зелен пазар се планира санитарните јазли комплетно да се реновират.Па завршување на еднодневниот пазар во сабота целиот пазар да се измете и собере сметот и истиот со возило за смет да се изнесе и депонира во депонија.Со хидранска мрежа ќе се пере еднаш неделно зелениот пазар.

Управувањето со градските гробишта во Кр.Паланка го извршува ЈП Комуналец.Починатите лица се погребуваат во Старите градски гробишта во градот Кр.Паланка и во гробиштата во с.Конопница.Во гробиштата во с.Конопница починатите лица можат да се донесат во Капела и да ги користат услугите во Капелата за цела Општина на Кр.Паланка .Да се напомене дека во градските гробишта во с.Конпница нема повеќе место за уредување на нова парцела- алинеа за извршување на погреби и има потреба да се обезбеди нова парцела за проширување на истите гробишта за да може благовремено да се оформат нови алинеи со целокупната потребна инфраструктура.

Одржувањето на градската депонија во с.Конопница -ЈП Комуналец Кр.Паланка ќе ја извршува секојдневно и депонирањето на комуналниот смет ќе го извршува со затрупување со земја во слоеви со помош на градежна

механизација.Годишно за затварање на косините од депонираниот комунален отпад и површината на депонираниот комунален отпад во депонијата потребни се 2300.м3 земјан материјал и сличен друг материјал кој може да се користи за таа намена.Заблаговремено спречување на пожар од самозапалување во градската депонија има вода од вода од водоводна мрежа со доволен број на хидрански црева за да може благовремен да се интервенира и спречи проширување на пожарот на поголема површина од комуналната депонија.

Во ,,Циглана,,каде е сместен целокупниот возен парк на ЈП Комуналец-Кр.Паланка ,градежна механизација,специјални возила за смет ,товарни возила,трактои со приколка ,цистерна и др .возила,потребно е да се уреди целокупниот простор за подобра организација на истиот,каде ќе се паркираат возилата до изградба на гаража за сервисирање на возилата , изградба на боксови за камена ризла и индистриска сол,магацин за делови, гуми и моторни масла и реконструкција на канцелариите на лицата што работат во ,,Циглана ,,.Се предвидува да се отчисти каналот и огради со мрежа во висина од 1.5.м во должина од 170м на делот од патот кој води накај градските гробишта.

Секторот Паркови и Зеленило според Програмата за подигање и одржувањена урбано зеленило во Крива Паланка за 2024 год. донесена од страна на Советот на Општина Крива Паланка ги планира следните активности:

- Одржување на постоечки зелени површини (косење на тревна вегетација –рачно со тромери и машинско косење со тракторски и самоодни косилки, гребење, собирање,утовар и изнесување на трева, поливање на тревници рачно,со систем,со цистерна и со пумпи од река, собирање на лист од тревници, утовар и транспорт, чистење на отпадоци од зелени површини,кроење дрвја,плевење и окопување, садење натендафили и грмушки, нивно кроење и окопување,метење на трим патеки, стругање патеки, чистење фонтани, чистење патеки од снег, фито заштита, окопување на дрвореди.

- Собирање смет по зелени површини и детски игралишта – Во речно корито на Дурачка река, просторот позади згради на ул.Св.Јоаким Осговски, просторот позади сама зграда на ул.Херој Карпош,Корито на Домачки Дол, просторот околу спортски терени и новите детски игралишта се врши операцијата собирање на смет 12 и повеќе пати во текот на годината .

- Зелени површини за косење - Во градското подрачје според Програмата за 2024 година предвидени се површини каде ќе се врши операцијата косење и собирање на тревна вегетација.Бројот на планирани косења зависи од климатските услови и истото се движи од 2 - 5 пати во текот на годината од IV - X месец.

- Подигање на нови површини - Во 2024 год. планирано е подигање на нови зелени површини на вкупна површина од 9 204 м² на следните локации речно корито на Крива река,детско игралиште кај Далфис,Косина над ново мосте на Дурачка река под вливот во Крива река(X месец ), влез на град пред Јоско технички(II месец), игралиште кај Данче лимар( III месец).

- Подигање на дрвореди - Се планира да се изврши подигање на дрворед покрај главна ул.Св. Јоаким Осоговски позади пошта по завршување на реконструкција на улицата.

- Изработка на нови декоративни форми – се планира да се изврши замена и дополнување со декоративен камен и мулч на постоечките форми околу дрворедите по Главна улица, во градскиот парк и набавка на метални или дрвени конструкции.

- Набавка и садење на цвеќе околу 5 000 броја за пополнување на металните конструкции на градскиот плоштад, жардињери и цветни форми по зелените површини.

- Се планира да се набават декоративни дрвца, грмушки, перени и рози за за дополонување на исушени и оштетени дрвца на повеќе локации низ градот.

- Одржување (обновување) на декоративни цветни форми -во 2024 год. се планира да се обноват постоечките декоративни форми и да се изврши поправка на оштетените детски реквизити од детските игралишта.

- Чистење и допорамнување на речно регулационо корито на Крива Река

Од несоодветна вегетација опфаќа:

- Чистење на речно корито на Крива река од несоодветна вегетација - Во пролетните месеци предвидено е машинско вадење на несоодветна дрвенаста вегетација пред се врби и порамнување на речното корито на Крива Река на локација од мосте Стар Пролетер до крај на регулација на Крива Река лева страна како пред припрема за идно озеленување.
- Во текот на целата година предвидено е одстранување на акомулиран матријал од минор коритото на Крива река.

- Чистење на несоодветна вегетација покрај главна улицана следните локации: Касарна, Треска- Карпош, Пензионерски Дом, Влез на град (Кам), од парк до Големиот Мост, од Осички Мост до тениско игралиште, игралиште Бавчалк, околу спортски терени и непредвдени површиниво период од VI до X месец.

- Сечење на дрвја и кроење на гранки(рачно и машински) надвиснати над јавни површини или истите представуваат опасност по имотот и животот

на граѓаните ќе се врши во зависност од бројот на решенија кои ќе бидат издадени од страна на комуналниот инспектор.

- Набавка на алат и опрема за работа - за навремено и квалитетно извршување на предвидените работии модернизирање на производниот процес за 2024 год. Секторот Паркови и зеленило потребно е да се набави следниот алат и опрема за работа:

- Тример за косење,
- Самоодна косилка
- Моторни пили
- Основен алат за работа
- Опрема за систем за наводнување

Се планира да се постави систем за наводнување со прскалки на површините на влез на градот( технички), површина Парк Херој Карпош и околу амфитеатарот.

**ЈП Комуналец –Крива Паланка**
**в.д.Директор,**
**Мирка Јакимовска**